Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во рамки на проектот „**Национ ален ресурсен центар за граѓанските организаци**
“ финансиран од ЕУ го поддржа Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА) при спроведувањето на четири тематски состаноци на 26, 29, 30 март и 2 април во ЕУ Инфо центарот. Тие се однесуваа на процесот на отворено владино партнерство и ги покриваат темите:
**транспарентсноста и отчетноста; спречувањето на корупција и промовирањето на доброто владеење; ефективните јавни услуги и доброто владеење на локално ниво; и демократски медиумски амбиент и медиумските слободи**
.



Учество на состаноците земаа **102 граѓани - претставници на граѓански организации и на државни институции** . Тие имаа можност заедно да дискутираат за мерките и активностите кои би можеле да се вклучат во четвртиот национален акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020. На состаноците беше истакнато дека преку заедништво на граѓанските организации и државните институции ќе се здружат напорите и финансиските ресурси за поуспешно спроведување на предложените мерки. Исто така беше истакната потребата од позајакнато партнерство на владините институции и граѓанскиот сектор не само при креирање на планот, туку и при неговото спроведување.



Извештаите од тематските состаноци вклучувајќи ги и дискутираните и предложените мерки и активности се испратени во МИОА и истите ќе бидат земени предвид за новиот акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020.

Националниот ресурсен центар за граѓански организации е проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од Македонски центар за меѓународна соработка во партнерство со Асоцијација за демократски иницијативи АДИ од Гостивар и Медиа плус од Штип.